АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16,Р. Северна Македонија

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

# ЗА

# ПРОДАЖБА НА ЛЕБДЕЧКА ПЕПЕЛ

# од ТЕ Битола

## Јавен Оглас – отворен систем на понуди

## Бр. 01-01/2026

# <u>С О Д Р Ж И Н А</u>


I. **Општи Информации**
II. **Инструкции за понудувачите**
III. **Прилози на Тендерската документација**

- **Прилог број I - Образец на понуда**
- **Прилог број II - Модел на договор**
- **Прилог број III - Техничка спецификација**
- **Прилог број IV - Изјава за докажување на способноста**

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**1.1. Продавач:**

1.1.1. А.Д. за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост-Скопје.

1.1.2. Адреса на продавачот: улица 11 Октомври бр. 9, Скопје

1.1.3. Контакт лице и телефони на купувачот:
Зоран Костадинов тел. 02/3149-171, електонска пошта: zoran.kostadinov@elem.com.mk
Димитар Азески, тел: 02/3149-258, e-mail: dimitar.azeski@elem.com.mk
Никола Пешевски, тел. 02 3149-268, електонска пошта: nikola.pesevski@elem.com.mk

**1.2. Предмет на продажба и количини**

1.2.1. **Предмет на продажба е: лебдечка пепел.**

1.2.2. Предметот на продажба е нус производ/ отпаден материјал – пепел, добиен како нус-продукт од согорувањето на јаглен (лигнит) во производството на електрична енергија во ТЕ Битола

1.2.3. Количина за продажба и други детали: според Техничката Спецификација која е составен дел од оваа ТД.

1.2.4. Количините не се обврзувачки за АД ЕСМ. Стварно продадените количини ќе зависат од интензитетот на производство во ТЕ Битола.

1.2.5. Квалитетот и крактеристиките на пепелта дадени се во Техничката Спецификација која е составен дел од оваа ТД.

**1.3. Вид на постапка :**

1.3.1. Јавен оглас со прибирање понуди

1.3.2. Огласот е јавен, со право на учество на сите домашни и странски правни лица.

1.3.3. Постапката ќе се спроведува преку отворен систем на понуди што значи, секој заинтересиран економски оператор е слободен, во секое време за траењето на системот, да достави своја понуда, користејќи ги обрасците и во согласност со условите од Тендерската документација изготвена од АД „ЕСМ".

1.3.4. Траење на отворениот систем на понуди: до исполнување на количините предвидени за продажба или до **10.09.2027 година** (до овој рок може да се доставуваат понуди) зависно од тоа кој услов побрзо ќе се исполни.

**1.4. Количина за понуда, рокови и динамика на продажбаа и траење на договорот:**

1.4.1. Минималната количина за која може да се достави понуда е: согласно Техничката Спецификација

1.4.2. Рокови и динамика на продажба: согласно Техничката Спецификација

**1.5. Рок за доставување на понуда:**

1.5.1. Секој економски оператор е слободен, во секое време за траењето на системот, да достави своја понуда.

**1.6. Начин, адреса за доставување и содржина на понудите:**

1.6.1. <u>Понудата се доставува во два коверта.</u> Надворешниот коверт во горниот лев агол треба да содржи назнака "Не отворај", понуда по „ јавен оглас за продажба на пепел и бр. на Огласот , име на Продавачот и негова адреса со назнака за Комисија за продажба на пепел. Вториот коверт се наоѓа во надворешниот коверт, а треба да содржи назив на понудувачот/купувачот и негова точна адреса. Вториот/внатрешен коверт содржи:

- Пополнет и потпишан Образец на понуда (прилог 1 на оваа ТД)
- Потпишан модел на договор (прилог 2 на оваа ТД)
- Техничко решение и опрема за превземање на лебдечката пепел.
- Пополнета и потпишана изјава – Прилог бр. 4
- Гаранција на понуда согласно точка 1.8.1.1 од оваа ТД
- Документ за регистрирана дејност (ДРД Образец издаден од Централниот

Регистар на РСМ) или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот.

– Тековна состојба на економскиот оператор издадена од Централниот Регистар на РСМ или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот

1.6.2. Понудувачите своите понуди ги доставуваат на следната адреса:

**<u>А.Д. за производство на електрична енергија “Електрани на Северна Македонија” - Скопје, ул. 11 Октомври бр 9, Скопје.</u>**

1.6.3. **Отворање на понудата/ите**

1.6.3.1 Отворањето на секоја понуда ќе се врши истиот или надоцна следниот работен ден кога понудата е доставена, од страна на Комисијата за продажба на пепел, за што се изработува записник.

1.6.3.2 Отворањето на понудите не е јавно.

**1.7. Гаранции:**

1.7.1. **Гаранција на понуда – гаранција за учество на тендер :**

1.7.1.1 Банкарска гаранција на понудата задолжително во прилог на својата понуда доставува секој понудувач. Банкарската гаранција треба да е во оригинална форма, неотповиклива, безусловна, платива на прв повик во висина од **2%** од вредноста на понудата без ДДВ, издадена во полза на АД ЕСМ – Скопје. Трошоците за проследување на гаранцијата се на товар на Понудувачот.

1.7.1.2 Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави.

1.7.1.3 Гаранцијата на понудата треба да е со важност подолга за не помалку од 15 дена од денот на истекот на важноста на понудата.

1.7.1.4 Продавачот може да ја наплати гаранцијата на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки,
- не го потпише договорот или
- не ја обезбеди гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот.

1.7.1.5 Продавачот може да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на банкарската гаранција.

1.7.1.6 Гаранцијата на понудата им се враќа на понудувачите кои не се избрани за најповолни, после извршениот избор на најповолна понуда/и, а на избраниот понудувач, по потпишувањето на договорот и доставување гаранцијата за негово навремено и квалитетно извршување.

**1.8. Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот**

1.8.1. Во рок од 10 дена по потпишувањето на купопродажниот договор Купувачот задолжително ќе му достави на Продавачот, неотповиклива безусловна банкарска гаранција, платива на прв повик, во висина од **5%** од вредноста на договорот без вклучен ДДВ**.**

1.8.2. Доколку купувачот е странско правно лице, банкарската гаранција ја доставува во SWIFT форма преку кореспондентна банка на Продавачот**.**

1.8.3. Недоставувањето на банкарската гаранција во рокот од претходниот став ќе значи ништовност на договорот и услов за активирање на банкарската гаранција на понудата.

1.8.4. Останати детали во моделот на договор прилог на оваа ТД.

**1.9. Јазик на тендерот**

1.9.1. Тендерската документација е достапна на македонски јазик

1.9.2. Јазик на кој се доставува понудата: Македонски јазик.

1.9.3. Документацијата која ја доставуваат странските понудувачи треба задолжително да биде преведена на македонски јазик.

1.9.4. Договорот ќе се склучи на македонски јазик.

**ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА**

**2.1 Способност (компетентност) на понудувачот:**

2.1.1 За да ја докаже својата способност за извршување на договорот од аспект на неговата **лична состојба, економскиот оператор ја пополнува и доставува Изјавата – прилог бр. 4 кон оваа ТД.**

2.1.2 За да ја докаже својата **способност за извршување на договорот од аспект на неговата способност за вршење професионална дејност , економскиот оператор доставува:**

- Документ за регистрирана дејност (ДРД Образец издаден од Централниот Регистар на РСМ) или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот.
- Тековна состојба на економскиот оператор издадена од Централниот Регистар на РСМ или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот.

**2.2 Трошок за поднесување на понуди**

2.2.1 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Купувачот во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци, без оглед на исходот од постапката.

**2.3 Критериуми за избор на најповолен понудувач**

2.3.1 Под услов на прифатливост на понудата во смисла на комплетност и валидност на документација критериуми за избор на најповолна понуда е економски најповолна понуда:

- највисока понудена цена 100% - збир на двете единечни цени согласно моделот на понуда.

**2.4 Подготовка на понудите**

2.4.1 Понудата се подготвува на оригиналната тендерска документација која понудувачот ја подигнал од Купувачот.

**2.5 Цена на понудата**

2.5.1 Понудата треба да содржи единечни и вкупни цени и севкупна цена согласно моделот на понуда.

2.5.2 Понудената цена треба да ги содржи сите трошоци на паритет **EXW** ТЕ Битола, согласно ИНКОТЕРМС 2020 и условите и барањата од оваа ТД, вклучувајќи инсталација на неопходна технологија за преземање на пепелта, манипулативни трошоци, товарење, вагање на вага кај Продавачот, транспорт, евентуални дозволи и слично, согласно стандардите релевантни за овој вид услуги/транспорт.

**2.6 Валута на понудата и услови на плаќање**

2.6.1 Валута на понудата е Македонски Денар (МКД). Во случај на странски понудувачи курсната листа која ќе се користи е курсната листа на Народната банка на Република Северна Македонија, а курсевите за размена се оние кои важеле 14 дена пред поднесување на понудите.

2.6.2 Фактурирање, рок и условите на плаќање: согласно техничката спецификација..

**2.7 Важноста на понудата:**

2.7.1 Понудата треба да содржи рок на важност кој не смее да е пократок од **45** дена од денот на поднесување на истата.

2.7.2 Понудата се поднесува во оригинал. Секоја страна од понудата се потпишува и заверува од страна на одговорното лице на понудувачот.

**2.8 Појаснување на тендерската документација**

2.8.1 Секој понудувач кој презел ТД од Продавачот, може да побара појаснување на тендерската документација, исклучиво во електронска форма, преку електронска пошта на контактите од точка 1.1 од оваа ТД.

2.8.2 Појаснувањето Продавачот ќе го достави преку преку електронска пошта и доколку истото значи значителна измена на ТД, ќе го вклучи како дел од ТД за идните

понудувачите кои ќе подигнат ТД после ваквите појаснувања, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.

2.8.3 Продавачот задржува право, на барање од понудувачите или по свое наоѓање во текот на траењето на огласот да направи измени во тендерската документација и истата да ја направи достапна на истиот начин како и првичната ТД.

**2.9 Посета на локација и земање мостри**

2.9.1 Продавачот препорачува, секој заинтересиран понудувач да направи посета на локација со цел да се запознае со микролокацијата и приликите каде се презема пепелта.

2.9.2 Продавачот препорачува, секој заинтересиран понудувач со цел да направи сопствена анализа и да утврди не/погодност на пепелта за целите за кои би ја купувал.

2.9.3 Трошоците за посета на локација и земање мостри се на товар на понудувачот.

2.9.4 Посета на локација и земање мостри се прави со претходна најава на контактите од точка 1 од оваа ТД.

2.9.5 Недостатоци во понудата кои можат да бидат резултат од непосета на локација и не земање мостри, се одговорност на понудувачот,

**2.10 <u>Отворање и евалуација на понудите</u>**

2.10.1 Отворањето на понудите не е јавно.

2.10.2 Отворањето на понудите ќе го врши Комисија на Продавачот и за секоја доставена понуда (или понуди доколку во ист ден се доставени повеќе понуди) ќе состави записник од отворањето.

**2.11 <u>Евалуација на понудите</u>**

2.11.1 Евалуацијата се врши врз основа на доставената документација, понудената/побараната количина за откуп и понудената цена.

**2.12 Избор на најповолна понуда/и**

2.12.1 Изборот на најповолна понуда/и ќе се врши од понудите кои ќе бидат оценети за прифатливи (комплетна и валидна документација која се бара).

2.12.2 На понудувачот кој понудил највисока цена (збир од двете единечни цени согласно моделот на понуда), ќе му се додели целата количина која тој ја побарал за откуп - најмногу до вкупната количина пепел за продажба.

2.12.3 Доколку количината пепел за откуп во понудата од понудувачот со највисока цена е помала од вкупната количина пепел за продажба која ја декларирал Продавачот, тогаш:

- изборот ќе продолжи со второрангираниот понудувач (со втора највисока цена - (збир од двете единечни цени согласно моделот на понуда) за количина која тој ја побарал за откуп.
- правилото од претходната точка ќе се повтори се додека не се исполни целокупната предвидена количина пепел за продажба која ја декларирал Продавачот.

2.12.4 Доколку две или повеќе понуди имаат иста единечна цена , предност ќе има понудата која бара поголема количина пепел за откуп.

2.12.5 Продавачот ќе направи избор на најповолна понуда/и само во случај да постигне техно економска исплативост од таквиот избор.

2.12.6 Доколку не може да се постигне техно економска исплативост од понудата/ите од кои се врши изборот, Продавачот има право да побара подобрување на поднесената понуда (повисока цена) и оваа постапка може да се повторува се додека не се постигне техно економска исплативост или понудувачот се изјасни дека не може да ја подобрува својата понуда.

**2.13 <u>Доверливост на процесот на евалуација на понудите</u>**

2.13.1 Зависно од природата и специфичноста на набавката во работата на Комисијата можат да бидат вклучени и други стручни лица.

2.13.2 Никакви информации, во поглед на разгледувањето, оценките, споредбите на понудите во процесот на евалуација не смеат да се откријат на понудувачи или лица кои службено не се вклучени во постапката.

**2.14 Однесување на службени лица**

2.14.1 Продавачот се обврзува за доследна примена на највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапкатапо овој Оглас како и при реализација на договорот со најповолниот/избраниот понудувач, како од членовите на комисијата ака и од одговорните лица. Истата обврска важи и за понудувачите/купувачите.

**2.15 Корупциско, измамничко однесување**

2.15.1 Доследно ќе се применуваат највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката/реализација на договорот како од страна на одговорното лице на Продавачот, Комисијата за спроведување на постапката, стручните лица кај Продавачот, така и од страна на понудувачот.

**2.16 Појаснување и контакти со понудувачот**

2.16.1 Комисијата за спроведување на постапката, во периодот на разгледување и оценување на понудите, може писмено (преку пошта или електронска пошта) да побара од понудувачот појаснување на неговата понуда, на што, понудувачот ќе одговари во истата форма.

**2.17 Корекција на грешки**

2.17.1 Доколку Комисијата за спроведување на постапката утврди аритметички грешки во понудата ќе изврши соодветна корекција која е задолжителна за Понудувачот. Во случај на разлика помеѓу цените или збирови изразени во бројки и зборовите валидни ќе биде вредноста изразена во зборови. Извршената корекција, предходно опишана и во согласност со понудувачот, се смета обврзувачка за него.

**2.18 Доделување на договор**

2.18.1 За исходот по јавниот оглас, односно, за секоја поднесена понуда (или понуди доколку се поднесени повеќе понуди во ист ден), одговорното лице кај Продавачот донесува одлука за не/избор на најповолна понуда.

**2.19 Известување за избор или неизбор на најповолна понуда**

2.19.1 Сите понудувачи писмено ќе бидат известени за извршениот избор или не избор на најповолен понудувач при што, ќе им се достави соодветна одлука.

**2.20 Потпишување на договор**

2.20.1 По донесената Одлука за извршен избор на најповолен понудувач, Продавачот и избраниот понудувач/и потпишуваат договор, со одредби и содржина кои се дадени во моделот на договорот и со цена и количина од избраната понуда.

2.19.1 По потпишувањето на договорот од страна на Продавачот, истиот во 4 идентични примероци ќе му биде доставен за потпис на понудувачот/купувачот.

2.19.2 Понудувачот има рок од 10 дена да ги врати два потпишани и заверени примероци од договорот заедно со банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

**Прилог бр. I. Образец на Понуда**
**Отворен систем на понуди, број 01-01/2026 објавен од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје за : Продажба на лебдечка пепел од ТЕ Битола**

| |
|---|
| Архивски број и датум на понудата |

# П О Н У Д А

**Понудувач:** ______________________________________________________________________
(Назив, име и презиме на понудувачот и негово седиште)
**Адреса:**___________________________________________________________________________

**Контакт лице, телефон и е-маил:** _____________________________________________

**Одговорно лице:** ______________________________________

Даночен број______________________________; Матичен број ______________________________

**Наша официјална електронска пошта (е-мејл адреса) на која може да не контактирате за целовреметраење на постапката е:** ___________________________________________________

По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда за купување лебдечка пепел, заедно со сета барана придружна документација.

**Нашата понуда важи во рок од** ________ дена од датумот на поднесување на понудата во архивата на Купувачот, за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во било кое време пред истекот на тој рок.
(напомена: *минималниот рок е 45 дена*).

**Начин, рок и услови на плаќање:** се прифаќа рокот и услови за плаќање дефинирани од страна на Продавачот во оваа ТД.

Доколку нашата понуда биде избрана за најповолна, подготвени сме да доставиме гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот согласно барањата од оваа тендерска документација.

**ФИНАНСИСКИ ДЕЛ НА ПОНУДА**

| Р. бр. | ОПИС | Ед. мерка | Количина | Ед. цена EXW без ДДВ (денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Откупена лебдечка пепел, излезена од РЕК Битола | тон | 1 | |
| 2. | Средства за санација на оштетени патишта во кругот на РЕК Битола | тон | 1 | |
| 3. | ВКУПНА ЦЕНА (1+2) | | | |
| 4. | Количината на пепел за која поднесуваме понуда (во тони) | | | |
| 5. | Вкупна цена на понудата (3x4) | | | |

**Количината на лебдечка пепел за која поднесуваме понуда и која сме подготвени да ја откупуваме изнесува: ___________________тони годишно.**

**Дневна количина на лебдечка пепел која можеме да ја преземаме изнесува: _______________ тони.**

**Единечните цени на нашата понуда на паритет EXW ТЕ Битола, без вклучен ДДВ изнесуваат:**

1. **Единечна цена за еден тон откупена лебдечка пепел без ддв изнесува ___________________ мкд, со зборови: _____________________________________________________ мкд**

2. **Единечна цена по тон -средства за санација на оштетени патишта во кругот на РЕК Битола изнесува ___________________ мкд, со зборови: _____________________________________________________ мкд,**

(Напомена: Минимална единечна цена која може понудувачот/купувач да ја понуди

- За под реден број 1 е 290 денари без ДДВ
- За под реден број 2 е 10 денари без ДДВ)

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме вашето право да не изберете најповолна понуда или ја поништите постапката за продажба.

Прилог на оваа понуда е:

1. Потпишан модел на договор (прилог 2 на оваа ТД)
2. Техничко решение и опрема за превземање на лебдечката пепел.
3. Пополнета изјава – Прилог бр. 4

4. Гаранција на понуда согласно точка 1.8.1.1 од ТД
5. Документ за регистрирана дејност (ДРД Образец издаден од Централниот Регистар на РСМ).
6. Тековна состојба на економскиот оператор издадена од Централниот Регистар на РСМ

Понудувач:

______________________________

Име и Презиме на одговорното лице:

________________________________________________

(потпис и печат)

____________________________________

**Прилог II -** **Модел на Д О Г О В О Р**

**За продажба на лебдечка пепел**

по отворен систем на понуди, бр. 01-01/2026

**СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ :**

1. . **АД Елекрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје,**
ул. "11-ти Октомври" бр.9, со ЕМБС 6023754 и ЕДБ 4030005560757,
застапувано од Генералниот Директор, м-р Лазо Узунчев
(во понатамошниот текст- Продавач) и

2. ________________________________________
ул..__________________ бр. ___, со ЕМБС ____________ и ЕДБ __________,
застапувано од _______________________________________________,
(во понатамошниот текст- Купувач)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е купопродажба на лебдечка пепел добиена како нус продукт во производството на електрична енергија од производните капацитети на РЕК Битола – Новаци.

Овој договор е составен врз основа на условите и барањата од ТД по Јавниот оглас бр.01-01/2026 за продажба на лебдечка пепел од ТЕ Битола и понудта на Купувачот доставена по овој Оглас.

Прилог на овој договор се:

- Техничката спецификација која беше прилог бр.3 на ТД
- Понудата на Купувачот бр.XXX доставена по овој оглас.

## II. ЦЕНИ И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Единечните цени согласно понудата на паритет EXW ТЕ Битола, без вклучен ДДВ изнесуваат:

1. **Единечна цена за еден тон откупена лебдечка пепел без ддв изнесува __________________ мкд, со зборови: __________________________________________________ мкд**
2. **Единечна цена по тон -средства за санација на оштетени патишта во кругот на РЕК Битола изнесува __________________ мкд, со зборови: ________________________________________ мкд,**

Вкупната вредност на договорот паритет EXW ТЕ Битола, за количината од ________ тони лебдечка пепел која Купувачот ја декларирал во својата понуда изнесува: ------------------ мкд без вклучен ДДВ, со зборови; --------------------------------------------------------------------------------------

Данокот на додадена вредност од 18% на вкупната вредност на Договорот изнесува: ---------------------- мкд

Вкупната вредност на договорот паритет EXW ТЕ Битола, изнесува: ------------------ мкд со

вклучен ДДВ

Единечните цени се фиксни и нема да се менуваат до крајот на важноста на овој Договор.

## III. КОЛИЧИНИ И ДИНАМИКА НА ПРЕВЗЕМАЊЕ

Член.3

Динамика на превземање/подигање на лебдечка пепел: Купувачот до Продавачот доставува во писмена форма „Динамика на превземање/подигање на лебдечка пепел„ најкасно до вторник во тековната седмица која „Динамика" се однесува за наредната седмица, а Продавачот се обврзува во рок од два (2) дена по добивање на „Динамиката" му даде одговор на Купувачот во писмена форма дали бараната „Динамика" се прифаќа. Доколку Купувачот добие согласност од Продавачот за „Динамиката на превземање/подигање на лебдечка пепел„ , а Купувачот не го известил Продавачот до петок 14:00 часот тековната седмица, дека нема да ја превземе лебдечката пепел на критичниот ден за превземање на пепелта, количината на непревземената пепел Продавачот ќе му ја фактурира на Купувачот по договорената цена.

Количината на превземената/подигнатата лебдечка пепел ќе се утврдува на лице место и ќе се изготвува „ИСПРАТНИЦА" потпишана од овластените лица на двете договорни страни во која ќе се внесат следните податоци :

- Број на испратница
- Фирма на купувачот
- Тежина на пепелта (тона) со прилог : Кантарска белешка
- Регистарски број на возило
- Име и презиме со број на лична карта на овластеното лице на Купувачот

Званичното вагање на камионите-цистерни со кои се испорачува/превзема пепелта ќе се врши на Званична колска вага лоцирана во кругот на РЕК Битола.

Продавачот се обврзува по извршеното мерење на секое транспортно возило да ја внесе во испратницата количината на пепел регистрирана со званично вагање и копија од истата со прилог на званично вагање да му се достави на Купувачот која ќе биде основа за фактурирање.

Испораката на пепелта предмет на овој договор ќе се смета за извршена од страна на Продавачот кога ќе се товари и превземе од превозникот, односно кога утоварот во транспортнот средство завршил.

Утоварот на пепел ќе се врши 24/7 секојдневно, вклучувајќи ги и државните празници.

## IV. ФАКТУРИРАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Фактурирањето ќе се врши на месечно ниво, до 5-ти во месецот за количини превземени во претходниот месец.
Плаќањето на фактурите ќе се врши во рок од 30 дена од доставувањето на фактура до Купувачот.

## V. ОБВРСКИ НА КУПУВАЧОТ

**Член 5**

- Понудувачот/купувачот треба да предложи техничко решение и да ја обезбеди потребната опрема за превземање на лебдечката пепел.

- Опремата за превземање на пепелта е на трошок на купувачот.
- Доколку превземањето на пепелта од понудувачите/купувачите е потребно да се извршува со различни технички решенија, секој понудувач е обврзан да обезбеди опрема, да изврши монтажа на истата и да ја одржува за времетраење на Договорот.
- Да се придржува кон куќниот ред во Подружница РЕК Битола.
- Купувачот се обврзува да ги почитува сите Закони, Законски прописи, Под законски акти и важечки стандарди во Република Северна Македонија, како и меѓународните прописи и стандарди прифатени од Република Северна Македонија, кои се однесуваат на екологијата и на заштитата на животната средина.
- Замената на гарнитурата "Verladegarniture Hub 1000" и сите пропратни делови за нејзино правилно функционирање (макари,челични јажињња,редуктор-електромотор одмоталка за челични јаже,вибратор,конусна клапна-затворач , водилка за челично јаже и сл.) се на товар на купувачот .
- Купувачот се обврзува да ја почитува работната и технолошката дисциплина барана од Продавачот, а воедно и да се грижи за средствата за работа со кои се служи при извршување на услугата, предмет на овој Договор и да постапува согласно прописите за здравје и безбедност при работа и противпожарна заштита.
- Кога Купувачот смета дека преземањето на извесно дејствие при извршување на овој Договор би било на штета на Продавачот должен е писмено или електронски да го извести Продавачот и да бара упатства за понатамошно постапување.
- За сите лица вработени или ангажирани од страна на Купувачот за извршување на услугите, предмет на овој Договор, Носителот на набавката ќе врши претходна најава до овластените лица во Подружница РЕК Битола, согласно овој Договор, по што ќе треба да добие писмено одобрение од овластени лица во Подружница РЕК Битола за влез и излез во кругот на објектите.
- Купувачот се обврзува да врши осигурување на своите вработени и ангажирани лица и на ангажираната опрема на објектот и да ги изврши сите потребни обуки за примена на соодветни мерки за заштита при работа и обуки за безбедност и здравје при работа. Доколку дојде до било каква незгода или несреќен случај на имотот на Продавачот, тоа ќе биде исклучиво на одговорност на Купувачот.
- Доколку од било кои причини со своето рабаотење Купувачот нанаесе штета врз имотот сопственост на Продавачот, истата да ја отстрани во најкраток можен рок и да ја надомести во целост, согласно правилата за надомест на штета предвидени со позитивни законски прописи.

## VI. ГАРАНЦИЈА

Член 6

Во рок од 10 дена по потпишувањето на купопродажниот договор Купувачот задолжително ќе му достави на Продавачот, неотповиклива безусловна банкарска гаранција, платива на прв повик, во висина од **5%** од вредноста на договорот без вклучен ДДВ**.**

Доколку купувачот е странско правно лице, банкарската гаранција ја доставува во SWIFT форма преку кореспондентна банка на Продавачот**.**
Недоставувањето на банкарската гаранција во рокот од претходниот став ќе значи ништовност на договорот и услов за активирање на банкарската гаранција на понудата.
Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност подолга за најмалку еден месец од рокот на траење на договорот.

Банкарската гараниција ќе се наплати во случај :

- ненавремена и неквалитетна реализација на договорот од страна на Купувачот;
- ненавремена исплата на фактурите доставени од страна на Продавачот;

за што, Продавачот писмено ќе го извести Купувачот, во кое ќе наведе дека Купувачот не постапува согласно договорните обврски и при тоа наплатата по гаранција ќе биде извршена

без потреба од било какво дополнително објаснување или приложување на било каква документација.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на овој Договор или е зголемена неговата вредност, Купувачот се обврзува соодветно да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот**.**

Доколку договорот е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, продавачот му ја враќа на купувачот во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 7**

Доколку не ги почитува договорните рокови,не ги исполнува  или неуредно ги исполнува обврските предмет на овој Договор, Купувачот-  ќе му плати на Продавачот пенали во висина од 0,1% од вкупната вредност на овој договор со ДДВ за секој започнат ден задоцнување, неизвршување или неуредно и неквалитетно извршување на договорот но не повеќе од 5 % од вкупната вредноста на овој Договор без ДДВ.

За износот на договорната казна Продавачот ќе му достави на  Купувачот фактура, која е должен да ја плати во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиниот прием во неговата архива. Купувачот се обврзува дека за задоцнето плаќање на фактурата од овој став да му исплати на Продавачот и законска казнена камата за секој ден задоцнување.

Продавачот -соодветните служби во РЕК Битола се обврзува без одлагање да му соопшти на Носителот на набавката, дека го задржува своето право на договорна казна поради задоцнување, неисполнување или неуредно исполнување на обврските од овој Договор, ако го прифати исполнувањето на обврските.

Наплатата на договорна казна, не го ослободува Купувачот   од одговорноста да плати и претрпена штета.

## VIII. ВИША СИЛА

**Член 8**

За целите на овој Договор, терминот „Виша сила" означува било каков неизбежен и непредвидлив настан, околност (кој ниту можел да се предвиди ниту да се спречи) надвор од контрола на договорните страни и кој се случил по влегувањето во сила на овој Договор и кој го попречува разумното исполнување на истиот.

За виша сила во смисла на овој договор ќе се сметаат елементарни непогоди, вооружени конфликти, терористички напади, саботажи, епидемии итн.

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло, во случај кога ќе настане Виша сила која го попречува или забавува извршувањето на овој Договор.

Страната засегната од настанот на Виша сила должна е во рок од 48 часа, писмено да ја извести другата страна за отпочнувањето и завршувањето на горенаведените околности, со наведување на причините за Вишата сила што, во случај на сомнеж, треба да се докаже од страна на надлежните органи.

## IX. ИЗВЕСТУВАЊА

**Член 9**

Договорните страни се согласни дека доставувањето на сите писма во врска со овој Договор ќе бидат во писмена форма и ќе се смета за полноважно до колку биде извршено во архивата на договорните страни или по пошта со препорачана пратка со повратен рецепис, или преку електронска пошта, на следните адреси:

**а)Продавач:**
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-Скопје,**
Подружница РЕК Битола
Новачки пат бб, Новаци
електронска пошта:

**(б) Купувач:**
______________________________
ул.____ бр. _________, ___________,
електронска пошта:

Во име на Продавачот, подружницата РЕК Битола е одговорна за реализацијата на договорот во неговата материјално - техничка и финансиска смисла.

Договорните страни се согласни до колку го променат седиштето, односно за промената на истото, во рок од три дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена.

**Дневната оперативна комуникација ќе се врши од страна на:**
**а)Продавач:**
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-Скопје,** Подружница РЕК Битола **,**
Техничка служба,
електронска пошта:
Лице:
тел.
Комерцијална служба,
електронска пошта:
Лице:
тел.

**(б) Купувач:**
______________________
електронска пошта:
Лице:
тел.

## X. СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Овој Договор влегува во сила со потпишувањето од двете договорни страни и доставување на банкарска гаранција согласно член 6 од овој договор
Времетрањето на овој Договор е 1 (една) година од денот на неговото стапување во сила.

## XI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Овој Договор може да се раскине и пред истекот на времето за кое е склучен, доколку една од договорните страни не ги извршува обврските согласно овој Договор како и во други случаи утврдени со Закон, со претходно писмено известување за раскинување на Договорот.

Продавачот има право на едностран раскин на овој договор, ако дојде до наплата на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на Договорот.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Измени и дополнувања на овој Договорот може да се вршат со анекс кон овој Договор согласно законот.

Сите спорни прашања кои би произлегле од реализацијата на овој Договор договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, доклоку во тоа не успеат надлежен ќе биде судот во Скопје.

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и друга законска и подзаконска регулатива на Република Северна Македонија која го уредува предметот на овој Договор.

Овој Договор е составен во 4 ( четири ) еднообразни примероци од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

**Купувач**

**Управител**

___________________

**Продавач**
**АД Електрани на Северна Македонија**
**во државна сопственост – Скопје**
**Генерален директор**
**м-р Лазо Узунчев**

___________________

Директор на сектор за комерцијални работи:
Виктор Јовановски __________________

Директор на сектор за финансиски работи:
Иван Стојановски ________________

Директор на Сектор за правни и општи работи:
м-р Никола Ѓошевски __________________

**ПРИЛОГ III - Техничка спецификација**

1. **Предмет на продажба:**
   - Предмет на продажба е лебдечка пепел од ТЕ Битола
   - Предметот на продажба е нус производ/ отпаден материјал – пепел, добиен при согорувањето на јаглен (лигнит) во производството на електрична енергија во ТЕ Битола

2. **Количини на продукција на лебдечка пепел за продажба (согласно постоечко техничко решение):**
   - Можна количина годишно 1.500.000 тони, можна количина месечно 130.000 тони, можна количина дневно 4.500 тони .
   - Со постоечката технологија на превземање на лебдечката пепел , максимална дневна количина што може да се подигне со цистерни од бункерите за пепел е 1.000 тони .
   - Можната количина на превземена лебдечка пепел зависи и од понуденото техничко решение на купувачот.
   - Количините на продукција не се обврзувачки за АД ЕСМ. Стварно продадените количини ќе зависат од интензитетот на производство во ТЕ Битола.

3. **Карактеристиките на пепелта:** Табела-1
   - Секој заинтересиран понудувач слободен е да земе мостри од пепелта со цел да направи сопствена анлиза и да утврди не/погодност на истата за целите за кои би ја купувал. Оттука, квалитетот/составот/физичко хемиските карактеристиките на пепелта која ќе се продава не може да биде предмет на било какво спорење од страна на Купувачот
   - Проектните карактеристики на пепелта се дадени од информативен карактер

Табела-1.Проектен состав на пепелта

| | | |
|---|---|---|
| $SiO_2$ | 49-53 | % |
| $Fe_2O_3$ | 5,6-9,6 | % |
| CaO | 3,5-10 | % |
| MgO | 2,3-4,2 | % |
| $SO_3$ | 1,8-6,6 | % |
| $P_2O_5$ | 0,2-0,9 | % |
| $TiO_2$ | 0,5-0,9 | % |
| $Na_2O$ | 0,3-0,6 | % |
| $K_2O$ | 1,1-1.9 | % |
| $Al_2O_3$ | 16,7-25 | % |

- Температурата на почетокот на деформацијата :1030-1170 °C
- Температурата на омекнување :1200-1445 ° C
- Температурата на течење :1210-1470 °C

4. **Технологија на преземање на пепелта:**
   - Досега единствен начин на превземање на лебдечката пепел беше со цистерни кои се полнеа со хармоника преку гарнитури "Verladegarniture Hub 1000"
   - Понудувачот/купувачот треба да предложи техничко решение и да ја обезбеди потребната опрема за превземање на лебдечката пепел.
   - Опремата за превземање на пепелта е на трошок на купувачот.
   - Доколку се јават повеќе од еден понудувач/купувач, и истите користат исто техничко решение за превземање на пепелта, опремата за превземање на пепелта, монтажата на

истата, користењето и одржувањето за времетраење на Договорот, трошокот е во меѓусебен договор под реални услови на првопријавениот, надвор од ингеренциите на РЕК Битола.

- Доколку превземањето на пепелта од понудувачите/купувачите е потребно да се извршува со различни технички решенија, секој понудувач е обврзан да обезбеди опрема, да изврши монтажа на истата и да ја одржува за времетраење на Договорот.
- Сите понудени технички решенија за превземање на лебдечката пепел не семеат да го загрозат процесот на производство и функционалноста на постројките во Термоелектраната.
- Секое понудено техничко решение пред потпишување на Договорот потребно е да добие одобрение од продавачот.
- Лебдечката пепел се испорачува EXW (incoterms 2020) натоварена кај Продавачот во транспортно средство на купувачот.
- Заради санација и одржување на пристапниот пат во должина од исклучување од регионалниот пат до местото на утовар, купувачот/ите се обврзани заедно со превземената лебдечка пепел да плаќаат во текот на целото времетраење на Договорот согласно табелата за понуда.
- Купувачот е обврзан, во целост да ги имплементира највисоките еколошки стандарди во процесот на извршување на договорот за купопродажба на пепел,
- Купувачот одговара пред надлежните органи за почитување на материјалните закони и стандардите за ваков вид на активности кои што се важечки во Р.С. Македонија како и меѓународните прописи и стандарди прифатени од Р.С. Македонија.

## 5. Динамика на продажба (предавање/преземање) на пепелта

- По стапување на договорот на сила, Продавачот ја определува количината и динамиката на продажба на пепелта за нареден период во траење од 1 месец согласно со планот за производство на ТЕ . Еднаш дадената динамика може да се менува зависно од приликите во производствениот процес на електрична енергија.
- Купувачот/ите ќе ги доставуваат на неделно ниво потребиите за лебдечка пепел (секој понеделник) во писмена форма, со цел соодветен распоред на вкупната количина за продажба за наредна недела од страна на Продавачот.
- Доколку Купувачот/ите добие согласност од Продавачот за динамиката на превземање на пепелта за тековната седмица, а не ја превземе договорената количина на пепел на договорениот ден, истата Продавачот ќе ја фактурира како превземена/продадена согласно договорената цена.
- Утоварот на лебдечка пепел ќе се изведува 24/7 секојдневно.
- Продавачот го определува распоредот и количините на пепел по купувачи (ако има повеќе од еден) за периодот од претходната точка.

## 6. Мерење на пепелта која се презема

- Мерењето на преземените количини на пепелта која се презема ќе се врши на колската вага на Продавачот.
- Продавачот и Купувачот потпишуваат примопредајна документација за количината на преземената пепел.

## 7. Табела за понуда

| Р. бр. | ОПИС | Ед. мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | **Откупена лебдечка пепел, излезена од РЕК Битола** | **тон** | **1** |
| 2. | **Средства за санација на оштетени патишта во кругот на РЕК Битола** | **тон** | **1** |

**Напомена: Минимална единечна цена која може понудувачот/купувач да ја понуди**

- **За под реден број 1 е 290 денари без ДДВ**
- **За под реден број 2 е 10 денари без ДДВ**

## 8. Фактурирање и плаќање

- Фактурирањето ќе се врши на месечно ниво, до 5-ти во месецот за количини превземени во претходниот месец.
- Плаќањето на фактурите ќе се врши во рок од 30 дена од доставувањето на фактура до Купувачот.

**Прилог број IV:** Изјава за докажување на способноста – лична состојба

дадена од ____________________________________________________________,
*[се наведува назив на понудувачот]*

Под целосна материјална и кривична одговорност, изјавувам дека во моментот на поднесување на нашата понуда, во постапката за продажба на лебдечка пепел од ТЕ Битола, која се спроведува од страна на Акционерско друштво за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост – Скопје, по јавен оглас број **01-01/2026**:

1. во последните пет години, на нашето друштво или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на истото или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него не ни е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:
   - учество во злосторничко здружување,
   - корупција,
   - затајување даноци и придонеси,
   - тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
   - перење пари и финансирање тероризам и
2. немаме неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
3. не сме во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
4. не ни е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
5. не ни е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
6. не ни е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

Место и датум

______________________________

Одговорно лице

______________________________

(потпис)